ГРАД СКОПЈЕ
СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ

Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на РМ" бр.11/18) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр. 08/14, 04/19, 07/19, 1/21, 11/25, 13/25 и 4/26), по барање на **АД ЕСМ Подружница Енергетика – Скопје**, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење и кастрење на висока вегетација и расчистување на самоникната нискостеблеста вегетација во дел од индустрискиот комплекс Железара, односно во дел од безбедносниот коридор на Далекуводна траса која ја користи АД ЕСМ Подружница Енергетика, ДВ 123 А и ДВ 123 Б, ДВ 124 А и ДВ 124 Б од Енергетика до ТС Скопје 1- АД МЕПСО, поради навлегување на вегетацијата во критичното растојание, по трасите на постоечките коридори на 110kV далекуводи (согласно записникот бр. 14-6/956/1 од 16.10.2026 година.)

2. Сечењето и кастрењето на високата вегетација и расчистувањето на самоникнатата нискостеблеста вегетација, ќе го организира барателот и истото ќе се реализира исклучително и само во насока на обезбедување на коридорот од Далекуводна траса која ја користи АД ЕСМ Подружница Енергетика, ДВ 123 А и ДВ 123 Б, ДВ 124 А и ДВ 124 Б од Енергетика до ТС Скопје 1- АД МЕПСО. Сечењето и кастрењето мора да се изврши стручно, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети, најдоцна во рок од 60 дена, од правосилноста на решението. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

3. Трошоците за извршување на работите од точка 1 од ова Решение се на товар на барателот.

4.Се задолжува барателот АД ЕСМ Подружница Енергетика-Скопје по реализација на ова Решение да изврши отстранување на исечената дрвна маса и воведување на шумски ред. Се задолжува барателот согласно Законот за урбано зеленило да изврши надополнување на шумскиот фонд со засадување на 300 (триста) висококвалитетни дрвја во рамките на парк на природата Гази Баба во координација со Градот Скопје – Секторот за комунални работи и ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 120 дена по истекот на рокот од точка 3.

5. Доколку барателот не го испочитува рокот од точка 2 на ова Решение на истото му престанува важењето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

АД ЕСМ Подружница Енергетика, поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. 14-6/956 од 06.10.2026 година, за сечење и кастрење на висока вегетација и расчистување на самоникната нискостеблеста вегетација во дел од безбедносниот коридор на Далекуводна траса која ја користи АД ЕСМ Подружница Енергетика, ДВ 123 А и ДВ 123 Б, ДВ 124 А и ДВ 124 Б од Енергетика до ТС Скопје 1- АД МЕПСО, поради навлегување на вегетацијата во критичното растојание по трасите на постоечките коридори на 110 kV далекуводи, а согласно член 161 од Законот за енергетика (Сл.весник на Р.М. бр.16 од 10.02.2011 год.), и член 16 од Законот за Шуми (Сл.весник на Р.М. бр.64 од 22.05.2009 год.), во рамките на редовно одржување на постоечките далекуводни коридори.
Имајќи го предвид значењето на барањето како и состојбите на посочениот потег, констатирано е дека се исполнети правните претпоставки за постапување и поради тоа е одлучено како во диспозитивот на ова Решение.

ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/956/2**
20.10.2026 година
С к о п ј е

Изработил
Марија Стојановска

Раководител на одделение
Емил Дуровиќ

Пом.раководител на сектор
Петар Гичаровски

Раководител на сектор
Зоран Лапевски

Секретар на Град Скопје
Славче Трпески